Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-3-2013

## Резиме

- Во К-3-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, БДП забележа реален раст од 3,3%, со што просечниот раст во првите три квартали од годината изнесува 3,2%;
- Според Анкетата на работната сила, бројот на вработени во К-3-2013 е повисок за 4,6% во однос на истиот квартал од претходната година. Бројот на невработени се намали, исто така за 4,6% на годишна основа, што резултираше со намалување на стапката на невработеност во К-3-2013 на 28,7%;
- Стапката на инфлација во К-3-2013, мерена според индексот на трошоци на живот, забележа раст од 2,8% во однос на истиот квартал од 2012 година;
- Просечната бруто плата во К-3-2013 изнесува 30.919 денари и споредено со бруто платата во К-3-2012 е повисока за 1,1% на номинална основа, односно пониска за 1,7% на реална основа;
- Вкупните буџетски приходи во К-3-2013 се повисоки за 4,3% споредено со истиот квартал од 2012 година, а вкупните буџетски расходи се пониски за 1,2%;
- Вкупниот депозитен потенцијал на банките во К-3-2013 се зголеми за 3,2% на квартална основа;
- Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-3-2013 бележи забавен раст од 0,6% на квартално ниво;
- Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во сепетмври 2013 година се намали за 6,4% во однос на јуни 2013 година, додека вкупниот промет остварен на берзата се зголеми за 19,1%;
- Во К-3-2013 е забележан раст на извозот од 4.2% и пад на увозот од 1,2% на годишно ниво, со што вкупната надворешно-трговска размена изразена во евра забележа раст од 0,9%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Во К-3-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, **БДП** забележа **реален раст** од 3,3%, со што просечниот раст во првите три квартали од годината изнесува 3,2% и е еден од највисоките споредено со земјите членки и земјите кандидати за членство во ЕУ.

**Номиналниот раст на БДП** во К-3-2013 изнесува 4,1% споредено со истиот квартал од претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 0,8%. Во првите три квартали од годината номиналниот годишен раст на БДП изнесува 3%, додека БДП дефлаторот изнесува -0,2%.

Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-3-2013 позитивен раст забележаа повеќе сектори. Најголем придонес во вкупниот економски раст има секторот Градежништво, каде е регистриран висок раст на активноста од 30,5% и се надоврзува на високите стапки на раст остварени во претходните два квартала. Во секторот Сообраќај, складирање и врски е забележан раст од 5,8%, по растот од 6,6% во претходниот квартал. Внатрешната трговија забележа раст од 2,8%, по минималниот пад регистриран во првата половина од годината. Секторот Финансиски услуги продолжува со позитивните движења и во К-3-2013 забележа раст од 1,9%. Растот на индустриското производство во К-3-2013 изнесува 1,7%, а растот на додадената вредност во секторот Земјоделство изнесува 1,1%. Пад забележаа секторите Јавна управа (-0,9%) и Хотели и ресторани (-1,1%).

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Растот на **индустриското производство**[1] во К-3-2013 од 2,6% се должи на остварените позитивни стапки кај: вадење руди на метал (8,0%), вадење други руди и камен (10,4%), производство на пијалаци (3,5%), производство на тутунски производи (5,7%), производство на текстил (79,5%), производство на облека (23,5%), производство на кожа (16,7%), печатење и продукција на снимени медиуми (15,3%), производство на хемикалии и хемиски производи (31,9%), производство на фармацевтски производи (3,4%), производство на производи од гума (13,4%), производство на други неметални производи (6,0%), производство на електрична

[1] Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

опрема (20,9%), производство на машини и уреди (34,7%), производство на мебел (14,6%), поправка и инсталирање машини и опрема (73,4%) и снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (7,0%). Од аспект на структурата на индексот на индустриското производство, кај 66,47% од гранките е забележан раст.

Од друга страна, пад е остварен кај: вадење јаглен и лигнит (18,1%), производство на прехранбени производи (5,4%), преработка на дрво и производи од дрво (30,3%), производство на хартија (24,3%), производство на кокс и рафинирани нафтени производи (5,4%), производство на метали (7,8%), производство на фабрикувани метални производи (52,8%), производство на моторни возила, приколки и полуприколки (46,3%), производство на останата опрема за транспорт (22,4%), и останата производствена индустрија (3,1%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, растот на БДП во К-3-2013 е придвижен од извозот на стоки и услуги, кој забележа реален раст од 8,8%. Зголемувањето на извозот е делумно резултат на закрепнувањето на европската економија, а делумно на зголемениот извозен потенцијал на земјата. Од друга страна, увозот на стоки и услуги не го следеше растот на извозот и забележа пад од 4,7% на реална основа, со што нето извозот има позитивен и значителен придонес кон растот на БДП. Домашната побарувачка, за разлика од нето извозот, има негативен придонес кон растот на БДП во К-3-2013, главно како резултат на падот на бруто инвестициите од 16,4%, и покрај високиот раст на градежната активност. Финалната потрошувачка во К-3-2013 забележа минимален раст од 0,4%, како резултат на растот на личната потрошувачка од 1,6%, додека јавната потрошувачка забележа пад од 4,4%.

Во К-3-2013 продолжија позитивните движења на пазарот на работна сила. Според **Анкетата на работната сила**, бројот на вработени во К-3-2013 година е повисок за 4,6% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален исто така за 4,6%. Бројот на активно население во К-3-2013 е повисок за 1,8% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на работната сила предизвикаа стапката на невработеност во К-3-2013 да се намали на 28,7%, односно за 1,9 п.п. споредено со истиот квартал од претходната година, а во однос на претходниот

График 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС



квартал истата е пониска за 0,1 п.п.. Стапката на вработеност во К-3-2013 изнесува 40,8% и во однос на истиот квартал од претходната година е повисока за 1,8 п.п.. Активното население во К-3-2013 претставува 57,3% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување од 0,9 п.п. споредено со истиот квартал од претходната година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2013 изнесува 2,8% во однос на истиот квартал од 2012 година, што претставува забавен интензитет на раст споредено со стапката од 3,6% регистрирана во претходниот квартал. Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Облека и обувки од 6,5%, следен од растот во категоријата Хигиена и здравје од 4,7%. Порастот на цените во категоријата Исхрана, која има најзначаен придонес во општото ценовно ниво, изнесува 4,2% во однос на истиот квартал од 2012 година. Растот на цените во категоријата Исхрана во голема мера се должи на порастот на цените на свежиот зеленчук и месото. Цените во категориите Ресторани и хотели и Тутун и пијалаци се зголемија за 4,2% и 3,9%, соодветно. Растот на цените во категоријата Култура и разонода изнесува 0,6%, додека растот на цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги изнесува 0,3%. Цените во категоријата Административни и финансиски услуги се зголемија за 0,9%.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Цените во категоријата Домување се намалија за 1,4%, како резултат на падот на цените за греење и електрична енергија и расвета, од 6,5% и 0,8%, соодветно.

**Базичната инфлација** (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-3-2013 изнесува 3,3%, што е повисоко ниво за 0,4 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (2,9%).

**Цените на мало** во К-3-2013 забележаа забавен пораст од 1,5% споредено со истиот квартал од 2012 година. Највисок придонес во растот на цените на мало има категоријата Стоки, каде е забележан раст на цените од 1,7%, придонесувајќи со 1,1 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамки на оваа категорија, најзначаен придонес во растот на цените имаат индустриските производи кои забележаа раст

од 1,1%, при што индустриско прехранбените производи остварија раст од 2,9%. Малопродажната цена на пијалаците е зголемена за 3,4%, а на тутунот за 2,9%. Непрехранбените индустриски производи забележаа раст на цените на мало од 0,1%. Цените на мало во категоријата Земјоделски производи забележаа висок пораст од 7,9%. Цените на мало во категоријата Услуги во К-3-2013 година забележаа раст од 1,1%.

Просечната **нето плата** во К-3-2013 изнесува 21.060 денари и е повисока за 1% на номинална основа од нето платата во К-3-2012. На реална основа, нето платата забележа пад од 1,7%. Просечната **бруто плата** изнесува 31.919 денари и бележи пораст од 1,1% на номинална основа, односно пад од 1,7% на реална основа, споредено со бруто платата во К-3-2012.

Растот на економската активност во К-3-2013 беше проследен со повисок годишен раст на бројот на вработени, што резултираше со пад на **продуктивноста на трудот** од 1,2%, по падот од 1,1% во претходниот квартал. На Графикот 2.2 е прикажан годишниот раст на продуктивноста на трудот.

График 2.2. Раст на продуктивноста на трудот;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




## 3. Фискален сектор

Во третиот квартал од 2013 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 4,3% во однос на истиот квартал од 2012 година, придружено со помали буџетски расходи за 1,2%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-3-2013 да изнесува 1.962 милиони денари или 1,6% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 2.206 милиони денари, односно 0,8% од БДП што е намалување споредено со претходниот квартал).

Во третиот квартал од оваа година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 29,9% од реализираниот БДП и се повисоки за 4,3% споредено со истиот квартал од 2012 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на неданочните приходи од 21,6%, придонесите од 5,3% и даночните приходи од 0,9%. Притоа беше забележана повисока наплата кај данокот на додадена вредност, персоналниот данок и данокот на добивка, а пониска наплата кај акцизите и царините. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 52,8% од вкупните даночни приходи. Тие во К-3-2013 се повисоки за 2,0% споредено со истиот квартал од 2012 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа намалување на наплатата на ДДВ од увоз за значителни 7,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа раст од 3,8%, согласно прометот во трговијата, а динамиката на поврат на ДДВ е намалена за 16,9%. Приходите од акцизи се пониски за 1,3% споредено со истиот квартал од 2012 година. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано зголемување од 7,1%, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица. Приходите од персоналниот данок на доход беа зголемени за 6,6% во споредба со третиот квартал од претходната година. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци во К-3-2013 остварија учество во БДП од 2,5%, додека индиректните даноци остварија учеството од 12,4% од БДП.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-3-2013;
Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 5,3%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за здравствено осигурување од 5,7%, кај придонесите за пензиско осигурување 5,2% и кај придонесите за вработување од 4,6%. Неданочните приходи, кои претставуваа 3,6% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани на повисоко ниво за 21,6% во однос на истиот период од 2012 година.

Капиталните приходи во К-3-2013 на годишна основа беа пониски за 53,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-3-2012, приходите по основ на донации се поголеми  за 69,4%.

Во К-3-2013 вкупните буџетски расходи беа пониски за 1,2% споредено со истиот квартал од 2012 година. Тековните расходи, кои претставуваа 28,3% од кварталниот БДП беа реализирани на речиси исто ниво на годишна основа. Капиталните расходи учествуваа со 10,2% во вкупните расходи, односно 3,2% учество во кварталниот БДП. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа зголемени за 9,9%, додека за расходите за плати и надоместоци беше забележано намалување од 0,2% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 64,8% во вкупните расходи, беа повисоки за 3,3% на годишна основа. Учеството на категоријата „Други трансфери" во вкупните расходи изнесуваше 15,5% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 29,0% во вкупните расходи, беа извршени за 10,1% повеќе во однос на истиот квартал од 2012 година, односно за 0,1% помалку  споредено со К-2-2013 година. Расходите за каматни плаќања беа намалени за 30,2% на годишна основа, додека споредено со К-2-2013 истите се зголемени за 23,8%. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 4,5% на годишна основа. Каматите за странскиот долг се намалени за 37,9% на годишна основа.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи[2] во однос на номиналниот БДП, во К-3-2013 изнесуваше 25,3%. Вкупните буџетски расходи претставуваа 31,5% од кварталниот БДП.

Вкупниот долг на централната влада на крајот на К-3-2013 изнесуваше 34,0% од БДП, што претставува намалување од 0,3 п.п. во однос на К-2-2013 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше намалено за 1,6 п.п. во однос на К-2-2013, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше зголемено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше зголемено на 40,4% од вкупниот долг на истата. Ваквата состојба укажува

График 3.2. Долг на централната влада и неговата структура; Извор: МФ




2 Вклучува даночни приходи, социјални придонеси и  административни такси и давачки.

дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозила фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

На почетокот на третиот квартал од 2013 година, основната каматна стапка на благајничките записи беше намалена за 0,25 п.п., и тоа од 3,5% на 3,25%, што претставуваше дополнителна поддршка на процесот на економско закрепнување. За разлика од претходниот период кога се применуваа аукции со утврдена максимална каматна стапка, во третиот квартал од 2013 година аукциите на благајнички записи се спроведуваа на принципот на ограничена понуда и фиксна каматна стапка.

Со цел да се обезбеди натамошна поддршка на растот на штедењето во домашна валута, а воедно и да се придонесе кон зголемување на приливите на долгорочен странски капитал во домашната економија, беше донесена Одлука за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, со која се зголеми стапката за издвојување задолжителна резерва за обврските во девизи од 13% на 15%, а стапката за издвојување на задолжителната резерва во денари се намали од 10% на 8%. Долгорочните обврски кон странство беа исклучени од обврската за задолжителна резерва.

Примарните пари[3] во К-3-2013 година регистрираа квартален пад од 2,1% (пад од 3,4% во К-2-2013) во услови на намалена вкупна ликвидност на банките од 3,7% и на готовите пари во оптек од 0,2%. Во однос на септември 2012 година, примарните пари се намалија за 1,2%, како резултат на намалувањето на вкупната ликвидност на банките од 7,1%.

Во текот на третиот квартал од 2013 година, најтесната парична маса М1 забележа квартален раст од 1,8% во однос на К-2-2013 година. Монетарниот агрегат М2 во К-3-2013 забележа раст од 1,7%, додека најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 2,8%. Порастот на паричната маса произлегува најмногу од денарските долгорочни заштеди, но значаен придонес оствари и краткорочните депозити во странска валута.

Вкупниот депозитен потенцијал[4] на банките во К-3-2013 година се зголеми за 3,2% на квартална основа, што од аспект на секторската структура, главно се должи на засилениот раст на депозитите на приватните претпријатија од 8,5% (пад од 7,4% во

---

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

претходниот квартал). Истовремено, депозитите на домаќинствата забележаа квартален раст од 1,3%.

Од аспект на валутата, позитивен придонес оствариja и денарските и девизните депозити кои забележаа раст од 3,3% и 3% соодветно, во однос на претходниот квартал. Степенот на евроизација е намален за 0,1 п.п., односно на 43,8%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-3-2013 достигна 24,3%, што е во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 6,6% (5,7% во К-2-2013). Краткорочните депозити забележаа раст од 1,7%.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-3-2013 година бележи забавен раст од 0,6% на квартално ниво, во услови на понизок интензитет на раст на кредитите кон домаќинствата од 2,5%, наспроти 3,4% во минатиот квартал и пад на кредитите кон приватните претпријатија од 0,8%. Со тоа продолжи трендот на намалување на учеството на кредитите кон приватните претпријатија во вкупните кредити (58,1%), кој започна во вториот квартал од 2012 година.

График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Од валутен аспект, денарските кредити кои го водеа растот на вкупните кредити се зголемија за 1,9% на квартално ниво, додека кредитите во странска валута во К-3-2013 година регистрираа квартален пад од 3,1%.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2013 година бележат квартален раст од 2,3%, додека краткорочните кредити се намалија за 1,8%.

Во третиот квартал од 2013 година, НБРМ ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., и тоа од 3,5% на 3,25%. Каматните стапки на депозитните банки и во К-3-2013 година забележаа надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 8%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот на 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 6,5% во третиот квартал од 2013 година. Каматната стапка на денарските депозити се

намали од 4,6% во К-2-2013 на 4,3% во К-3-2013, а каматната стапка на девизните депозити во анализираниот период се намали од 1,9% на 1,8%.




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2013 се зголеми на квартално ниво и изнесува 7,2% (6,9% во вториот квартал), додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити го задржа нивото од 6,5%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити е намалена за 0,1 п.п. во однос на К-2-2013 година и изнесува 2,4%, додека каматната стапка на новопримените девизни депозити изнесува 0,6%, односно е за 0,1 п.п. повисока од претходниот квартал.

На **пазарот на капитал,** во третиот квартал од годината се забележа раст на вкупниот промет на берзата од 19,1% во однос на претходниот квартал, што се должи на порастот регистриран кај блок трансакциите од 106,4%. Прометот од класичното тргување забележа пад од 41,5%.




Во однос на истиот квартал од претходната година, вкупниот промет забележа пад од 39,9% во услови на намалено класично тргување за 18,2% и на прометот остварен преку блок трансакциите од 60,8%.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења на крајот на третиот квартал изнесуваше 1.634,43 индексни поени, што претставува пад од 6,4% во однос на јуни 2013 година, додека во однос на септември 2012 година индексот е понизок за 10,3%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно - трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-3-2013 година вкупната надворешно - трговска размена со странство изнесува 2.033,3 милиони евра и бележи раст од 0,9% во однос на истиот квартал од 2012 година.




Во К-3-2013 година **извозот** на стоки изнесува 825,5 милиони евра при што во однос на истиот квартал од претходната година е забележан раст од 4,2%, а во однос на претходниот квартал е забележан раст од 2,6%.

**Анализирано по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-3-2013 година во однос на истиот квартал од 2012 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 46,1% (во чии рамки категориите индустриски машини и делови порасна за 61,2% или 21,4 милиони евра; а електрични машини и делови порасна за 63,4% или 16,3 милиони евра);
- хемиски производи за 26,3% (хемиски материи и производи се зголеми за 36,6% или 30,7 милиони евра);
- производи за храна за 8,7% (овошје и зеленчук за 13,3% или 5,5 милиони евра);
- суровини освен гориво за 0,4% (сирово ѓубриво и минерали забележа раст од 11,2% или 0,7 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- минерални горива и мазива за 54,5% (во чии рамки категориите електрична енергија се намали за 90,8% или 14,3 милиони евра и нафта и производи од нафта се намали за 38,8% или 12,8 милиони евра);
- производи класирани според материјалот за 7,7% (железо и челик за 12,1% или 19,8 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 1,5% (пијалаци за 13,8% или 2,0 милиони евра);

Во К-3-2013 година, гледано по економска намена најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (51,2%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (22,9%), храна и пијалаци (11,2%), производи за инвестиции без транспортна опрема (10,3%), горива и мазива (2,4%) и транспортна опрема (1,9%).

Увозот на стоки во К-3-2013 година изнесува 1.207,8 милиони евра и претставува пад од 1,2% во однос на К-3-2012 година, додека во однос на претходниот квартал, забележан е пад од 6,4%.

Анализирано по сектори на СМТК, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-3-2013 во однос на К-3-2012 година се забележува кај:

- производи класирани според материјалот за 5,6% (обоени метали за 19,8% или 17,5 милиони евра; и предиво, ткаенини и текстилни производи за 12,3% или 9,0 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 3,7% (електрични машини, апарати и делови за 17,0% или 7,4 милиони евра);
- хемиски производи за 2,1% (во чии рамки позитивно влијание имаа категориите етерски масла за 16,5% или 3,4 милиони евра и пластични материи во примарни форми за 16,8% или 3,4 милиони евра, додека во спротивна насока дејствуваше категоријата неоргански хемиски производи за 38,1% или 7,0 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 13,7% (тутун и производи од тутун за 40,5% или 2,1 милиони евра);
- суровини освен гориво за 1,4% (текстилни влакна и отпадоци за 39,0% или 0,8 милиони евра);

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- производи за храна за 5,8% (шеќер и преработки од шеќер и мед за 34,9% или 6,2 милиони евра; и жита и преработки од жита за 17,6% или 3,1 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 15,8% (електрична енергија за 30,9% или 11,5 милиони евра; и нафта и производи од нафта за 14,3% или 26,7 милиони евра);

Гледано по економска намена, во К-3-2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (44,3%), потоа следуваат горива и мазива (16,5%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,1%), храна и пијалаци (11,6%), стоки за широка потрошувачка (10,4%) и транспортна опрема (5,1%).

Во К-3-2013, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ-28) е зголемена за 10,2% во однос на К-3-2012, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 2,6 п.п. во однос на третиот квартал од 2012 година и

изнесува 71,5%, при што извозот на стоки учествува со 76,6%, а увозот на стоки со 68,1%.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2013
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во третиот квартал од 2013 година 93,6% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со: Грција, Велика Британија, Кина, Србија и Турција, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Италија, САД, Австрија, Словенија, Полска, Бугарија и други. Суфицит во размената е остварен со: Германија, Косово, Босна и Херцеговина, Романија и Холандија.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците на Народна банка, во третиот квартал од 2013 година на салдото на тековната сметка на билансот на плаќања беше регистриран суфицит од 133,5 милиони евра, кој е зголемен за 63,6 милиони евра на годишно ниво (во К-3-2012 суфицитот на тековната сметка изнесувал 69,9 милиони евра). Споредено со К-2-2013, салдото на тековната сметка на билансот на плаќања е подобрено за 244,5 милиони евра.

Капиталната и финансиската сметка во К-3-2013 бележи дефицит од 138,5 милиони евра, што е проширување за 65,3 милиони евра во однос на К-3-2012.

### 5.2.1. Тековна сметка

Регистрираниот суфицит на тековната сметка во однос на К-3-2012, во најголема мера се должи на подобреното салдо од увозот и извозот на стоки, подобреното позитивно салдо од увозот и извозот на услуги, а придонес кон зголемениот суфицит на тековната сметка има и зголемениот прилив на трансферите. Во спротивна насока делуваат намалените приливи и зголемените одливи на доход.

Во К-3-2013 се забележа зголемување на извозот на стоки и намалување на увозот на стоки, како на годишно така и на квартално ниво. Кај услугите, извозот достигна 261,4 милиони евра што претставува зголемување од 6,5% на годишна основа или зголемување од 25,3% споредено со претходниот квартал. Увозот на услуги на годишна основа се зголеми за 1,1%, додека квартално се намали за 1,4%.

Овие движења доведуваат до суфицит во размената на услугите од 53,6 милиони евра (наспроти дефицитот од 2,2 милиони евра во К-2-2013).




Дефицитот на сметката на нето-доходи во К-3-2013 споредено со истиот квартал од минатата година забележа проширување од 27,3%, додека во однос на претходниот квартал дефицитот беше зголемен за 5,4%. На годишното прошување на дефицитот влијаеше намалувањето на приливите на доход од 10,8% и зголемувањето на одливите на доход од 6,2%. Споредено со претходниот квартал, приливите беа намалени за 7,7%, додека намалувањето на одливите изнесуваше 1,1%.

Тековните трансфери во К-3-2013 регистрираа суфицит од 467,4 милиони евра, што во однос на К-3-2012 претставува раст од 2,1%. На квартална основа истите се зголемија за 98,9 милиони евра или 26,8%. Приватните трансфери во К-3-2013 достигнаа историски највисоко ниво од 456,0 милиони евра (зголемување од 96,6 милиони евра во однос на претходниот квартал).




## 5.2.2. Капитална и финансиска сметка

Капиталната и финансиската сметка во К-3-2013 бележаат дефицит, кој на годишно ниво е проширен за 65,3 милиони евра. Проширувањето на дефицитот на капиталната и финансиската сметка, на годишно и на квартално ниво, се должи на зголемените одливи и намалените приливи кај капиталната сметка, како и на

проширувањето на негативното салдо на финансиската сметка. Според финансиската сметка, во К-3-2013 регистриран е прилив од 71,2 милиони евра нето-директни инвестиции, што е зголемување од 112,2 милиони евра во однос на К-3-2012, односно зголемување од 39,3 милиони евра во однос на К-2-2013.

График 5.5. Официјални девизни резерви; Извор: НБРМ




На крајот на К-3-2013, официјалните девизни резерви изнесуваат 2.064,8 милиони евра и истите се повисоки за 1,3% во однос на К-2-2013, додека споредено со К-3-2012 се пониски за 1,8%. Доминантно учество во официјалните резерви имаат девизните резервни средства, односно хартиите од вредност со учество од 81,8%, потоа монетарното злато со учество од 10,4%, додека валутите и депозитите учествуваат со 7,7%.

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

**Извештајот го подготвија:**

Ангела Васовска
Анета Дудеска
Ана Николова
Копринка Сапунова
Неџати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, јануари 2014 година